**Врз основа на член 21 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/97, 54/97, 13/01, 2/02 и 54/07), министерот за финансии донесе**

# ПРАВИЛНИК
# за техничките, технолошките и просторните услови за приредување на игри на среќа и забавни игри и стручната оспособеност на лицата ангажирани во изведувањето на игри на среќа

**"Службен весник на Република Македонија" бр. 10/97, 4/98, 42/01, 63/07, 130/07, 153/09 и 2/2011**

**Важи од 06.01.2011 година**

## Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишуваат техничките, технолошките и просторните услови за приредување на игри на среќа и забавни игри и потребната оспособеност на лицата ангажирани за изведување на игрите на среќа.

## Член 2

Играчница во хотел со "пет" или "четири" ѕвездички претставува посебно уредена просторија со соодветна деловна функционалност.

Кога играчницата е посебно изграден објект тој објект треба да претставува посебна градежна целина или одвоен дел од зграда со јавна намена, со посебен влез и потребна деловна и градежна функционалност.

## Член 3

Просторот од член 2 од овој правилник треба да биде уреден така што ќе овозможи непречено движење на играчите и вработените и непречено изведување на игрите на среќа.

## Член 4

Просторот пред главниот влез во посебно изградениот објект-играчница треба да биде слободен и осветлен и да има приод од улица.

На главниот влез треба да биде видно истакнат и ноќе осветлен називот на играчницата.

**Член 5**

Играчницата како посебно изграден објект треба да има уреди за загревање на просторијата до најмала температура од 18,5 Ц и да е обезбедено проветрување.

**Член 6**

Делот во кој се даваат угостителските услуги треба да претставува посебен простор во посебно изградениот објект-играчница, од просторот во кој е сместена потребната опрема за изведување на игрите на среќа.

Делот во кој што се даваат угостителските услуги треба да ги исполнува пропишаните услови согласно со Правилникот за минимално техничките услови за вршење на угостителска и туристичка дејност и условите за категоризација на објектите на туристичката понуда.

Висината на просторот од став 1 на овој член во кој е сместена опремата за изведување на игрите на среќа изнесува најмалку 2,8м, а во другите простории од 2,4м.

**Член 7**

Играчницата треба да има простор за рецепциска служба од најмалку 16 м2.

**Член 8**

Во играчницата како посебно изграден објект треба да има гардероба за посетителите.

**Член 9**

Во играчницата во хотел со “пет” или “четири” ѕвездички и во посебно изграден објект-играчница, треба да има посебно изграден објект-играчница, треба да има посебна просторија за одмор на лицата ангажирани во изведувањето на игрите на среќа.

**Член 10**

Во играчницата треба да има инсталирано електронско надгледување (камери и монитори) за следење на сите игри на среќа поодделно.

**Член 11**

Масите во играчниците треба да бидат поставени така што ќе се овозможи непречено движење и учество на вработените и на играчите во игрите на среќа. За таа цел потребно е да биде оставен простор околу масите наменети за

играчите и вработените и простор наменет за минување помеѓу масите најмалку од 1,5 метри.

Пред автоматот за игрите на среќа треба да биде обезбеден простор од најмалку 1,5 метри, наменет за играчот, а меѓу два реда на автомати на игра на среќа и простор за минување најмалку од 1 метар.

**Член 12**

Во играчницата треба да има одвоен и заштитен простор(со метални решетки, метални прегради или непробивно стакло) во кој се сместени најмалку две метални каси за чување на жетони, пари и други вредности и за вршење на менувачки работи.

**Член 13**

Автомат клубот во хотел со “пет, “четири” или “три” ѕвездички претставува посебно уредена просторија со соодветна деловна функционалност.

Кога автомат клубот е посебно изградена просторија-автомат клуб, таа просторија треба да претставува посебна градежна целина или одвоен дел од зграда со јавна намена со посебен влез и потребна деловна и градежна функционалност.

**Член 14**

Просторот пред главниот влез во посебно изградената просторија-автомат клуб, треба да биде слободен и осветлен и да има приод од улица.

На главниот влез треба да биде видно истакнат и ноќе осветлен називот на автомат клубот.

**Член 15**

Автомат клубот како посебно изградена просторија треба да има уред за загревање на просторијата до најмала температура од 18,5 степени и да е обезбедено проветрување.

**Член 16**

Делот во кој се даваат угостителски услуги треба да претставува посебен простор во посебно изградената просторија-автомат клуб, од просторот во кој е сместена опремата за изведување на игрите на среќа.

Делот во кој се даваат угостителските услуги треба да ги исполнува пропишаните услови согласно Правилникот за минимално техничките услови за вршење на угостителска и туристичка дејност и условите за категоризација на објектите на туристичката понуда.

Висината на просторот од став 1 на овој член, во кој е сместена опремата за изведување на игрите на среќа изнесува најмалку од 2,8 м.

**Член 17**

Во посебно изградената просторија-автомат клуб има гардероба за посетителите.

**Член 18**

Во автомат клубот во хотел "пет", "четири" или "три"ѕвездички или во посебно изградена просторија, треба да има обезбедено одвоен и заштитен простор (со метални решетки, метални прегради или непробивно стакло) со најмалку две метални каси за чување на жетони, пари и други вредности.

**Член 19**

Автоматите за игри на среќа во автомат клубот треба да бидат поставени така што ќе се обезбеди простор од најмалку 1,5 м пред автоматот како простор наменет за играчот, а меѓу два реда од автоматите за игри на среќа, простор за минување од најмалку 1м.

**Член 19-а**

Обложувалницата претставува посебно уредена просторија со соодветна деловна функционалност.

Обложувалницата треба да претставува посебна градежна целина или одвоен дел од зграда со јавна намена со посебен влез и потреба градежна функционалност.

**Член 19-б**

Просторот пред главниот влез од посебно изградената просторија-облож увалница, треба да биде слободен и осветлен и да има приод од улица.

На главниот влез треба да биде видно истакнат и ноќе освтлен називот на обложувалницата.

**Член 19-г**

Обложувалницата како посебно изградена просторија треба да има уред за загревање на просторијата до најмала температура од 18,5 С и да е обезбедено проветрување.

### Член 19-д

Делот во кој се даваат угостителски услуги треба да претставува посебен простор во посебна изградена просторија - обложувалница, од просторот во кој е сместена опремата за изведување на игрите на среќа.

Делот во кој се даваат угостителските услуги треба да ги исполнува пропишаните услови согласно Правилникот за минимално техничките услуги за вршење на угостителска и туристичка дејност и условите за категоризација на објектите на туристичката понуда.

Висината на просторот од став ж на овој член, во кој е сместена опремата за изведување на игрите на среќа изнесува најмалку 2,8 м.

### Член 19-ѓ

Во посебно изградената просторија-обложувалница треба да има гардероба за посетителите.

### Член 19-е

Во обложувалницата треба да има обезбедено одвоен и заштитен простор (со метални решетки, метални прегради или непробивно стакло) со метална каса за чување на пари, ливчиња, билтени и друга докуменатција од значење за обложувалницата.

### Член 19-ж

Обложувалницата треба да биде опремена со компјутер на кои ќе се регистрира уплатите и исплатите на учесниците на играта на среќа, обложување на спортски натпревари, монитори на кои играчите ќе можат да ги следат спортските настани и маси со столици.

### Член 20

На влезот на просторијата во која се приредува играта на среќа “томбола” треба да биде видно истакнат и ноќе осветлен називот на играта на среќа и приредувачот.

### Член 21

Просторијата во која се изведува играта на среќа “томбола” треба да има уред за загревање до најмалата температура од 18,5 степени и да е обезбедено проветрување.

**Член 22**

Во просторијата во која се изведува играта на среќа “томбола” треба да има простор за гардероба за посетителите и санитарните простории.

Во однос на санитарните простории, бројот на ВЦ-њата писоарите, мијалниците и други услови за овие простории се применуваат одредбите од Правилникот за минимално-техничките услови за вршење на угостителска и туристичка дејност и условите за категоризација на објектите на туристичката понуда.

**Член 23**

Во просторијата во која се изведува играта на среќа “томбола” треба да има обезбедено опрема и тоа:

-  метална каса за чување на томболските и картички и пари
-  машина за мешање и извлекување на бројчиња
-  микрофон
-  монитор
-  маси и седишта за играчите

**Член 24**

Масите во просторијата во која се изведува играта на среќа “томбола” можат да бидат поставени во редови при што треба да се обезбеди простор за минување од најмалку 1м или да бидат поставени како во угостителски објект за послужување при што треба да биде обезбеден простор од најмалку 4,8 м2 за една маса со 4 столици.

**Член 25**

Опремата во просторијата треба да биде поставена така што ќе овозможи на сите учесници непречено учество во играта “томбола”, односно достапност на сите учесници до мониторот за да овозможи на секој играч да го следи текот на играта.

**Член 26**

Просторијата во која се врши уплата на лото, спортска прогноза и спортско обложување, треба да има најмалку 6 м2.

Просторијата во која се врши уплата за спортско обложување треба да претставува посебна градежна целина со посебен влез и потребна градежна функционалност.

Просторот пред главниот влез пред просторијата во која се врши уплата на спортско обложување треба да биде пристапен, осветлен и да има приод од улица.

Просторијата во која се врши уплата за спортско обложување не треба да биде во состав на угостителски објект или да биде поврзана со дејноста што ја врши угостителски објект во непосредна близина.

**Член 27**

Во просторијата од член 26 на овој правилник треба да биде сместена метална каса за чување пари, лозови, томболски картички и уплатени талони и уплатна машина за регистрирање на уплатените лото талони и талони од спортска прогноза.

**Член 28**

За игрите на среќа, лото и спортска прогноза потребно е приредувачот да има систем (компјутер) за сортирање на талоните, читање и снимање на микрофилм и трезор за депонирање на уплатените лото талони и талони од спортска прогноза.

Приредувачот на играта на среќа лото и ТВ томбола треба да има и машина и извлекување на бројчиња.

**Член 28-а**

На влезот во просторијата во која се приредуваат “забавните игри” треба да биде видно истакнат и ноќе осветлен називот на забавниот клуб.

**Член 28-б**

Просторијата во која се сместени апаратите за забавни игри треба да има уред за загревање од 18,5 степени и да е обезбедено проветрување.

Висината на просторијата од став 1 треба да изнесува најмалку 2,4 м.

**Член 28-в**

Во забавниот клуб треба да има и санитарни простории, при што во однос на бројот на ВЦ-ињата писоарите и мијалниците и другите услови за овие простории се
применуваат одредбите од Правилникот за минимално-техничките услови за вршење на угостителска и туристичка дејност и условите за категоризација на објектите на туристичка понуда.

**Член 28-г**

Апаратите за забавни игри во забавниот клуб освен за билијард масите треба да бидат поставени така што ќе се обезбеди простор од најмалку 0,7 м пред апаратот наменет за играчот и простор за минување, меѓу два реда апарати исто од 1м.

**Член 29**

Лицата ангажирани во изведувањето на игри на среќа се стручно оспособени за изведување на игрите на среќа, доколку имаат најмалку една година работно искуство во приредувањето на посебни игри на среќа во играчница, односно “томбола” за што треба да имаат соодветна потврда од приредувачот.

**Член 30**

Лицата ангажирани за изведување на посебните игри на среќа во играчница треба да познаваат еден од следните светски јазици: англиски, француски или германски јазик.

**Член 31**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Број 20-44368/3
31 декември 2010 година Скопје

Министер,
М-р **Зоран Ставрески**, с.р.